ОПШТИНА КАРПОШ
СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

Број: 11-1915/8
Датум: 26.08.2025
Скопје

Врз основа на член 62 став 10 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр. 32/20, 111/23, 73/24, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25), член 22 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр. 5/02), член 55, 56, 57 од Статутот на Општина Карпош го дава следното:

# СООПШТЕНИЕ
## ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ЈАВЕН УВИД НА ИЗРАБОТЕН УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН, СО НАМЕНА Г 4.1 – ЗАТВОРЕНИ СКЛАДИШТА ЗА ИНДУСТРИСКА СТОКА НА КП 110, КО БАРДОВЦИ, ОПШТИНА КАРПОШ.

Просторот кој е предмет на изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план, со намена Г 4.1 – Затворени складишта за индустриска стока на КП 110, КО Бардовци, Општина Карпош, со својата местоположба припаѓа на катастарса општина Бардовци,Општина Карпош.

Просторот дефиниран за изработка на предметниот Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со својата местоположба припаѓа на територијата на Општина Карпош, Скопје.

Границата на проектниот опфат (описно) граничи со:

- на северната страна со КП.Бр.96/3 кој во едно е и локалниот пат за пристап до парцелите.
- на исток со КП.Бр.109,
- на југ со КП.Бр.115/1 и КП 65
- на запад со КП.Бр.112.

Границата на проектниот опфат на Урбанистички проект за вон опфат на урбанистички план, со намена Г 4.1 – Затворени складишта за индустриска стока на КП 110, КО Бардовци, општина Карпош, во графичкиот дел од планската документација е прикажана со линија која ги поврзува сите прекршни точки, кои може да се отчитаат на дигитализирана векторизирана подлога врз која се изработени графичките прилози.

Предметниот проектен опфат е со површина од 9686.80 м2 (0,97 ха).

Целта на изработката на Урбанистичкиот проект е да се создадат услови заизградба на градба со намена Г 4.1 - Затворени складишта за индустриска стока . Основ за изработка на предметниот УП се одредбите на член 58 став 6 од Законот за урбанистичко планирање(Сл. весник на РСМ бр.32/20, 111/23, 171/24

,224/24 и 40/25), согласно кој урбанистички проект може да се изработува и за поединечни градби и инфраструктури од државно и локално значење вон населени места и вон опфат на урбанистички планови на земјоделско, шумско и друго земјиште, крајбрежни појаси и други простори за коишто не постојат услови и/или економска оправданост за донесување на урбанистички план согласно овој закон, а постои соодветен или некатегоризиран сообраќаен пристап, во кој случај урбанистичкиот проект се изработува врз основа на прибавени услови за планирање на просторот.

За предметниот локалитет не постои претходна урбанистичко - планска документација. Издадени се УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ со намена затворени складишта за индустриска стока на КП 110, КО Бардовци, општина Карпош,изработени од АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ и РЕШЕНИЕ БР.УП1-15-1339/2024 од 11.11.2024 од МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА.

Проектниот опфат во северниот дел граничи со постоен асфалтиран пат, каде јужно патот кој е право на службеност се поврзува со Јадранска Магистрала.

Проектна документација се изработува по прифатена Иницијатива за изработка на урбанистичката документација од страна Комисијата за урбанизам на Општина Карпош.

Јавната акета за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план, со намена Г 4.1 – Затворени складишта за индустриска стока на КП 110, КО Бардовци, Општина Карпош, ќе се спроведе со објава на урбанистичкиот проект на официјалната веб страна на Општина Карпош: https://karpos.gov.mk/.

Јавната анкета ќе трае 15 дена, од 27.08.2025 година до 11.09.2025 година. Во споменатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со проектот можат да доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови.

Изготвил:
Марија Л. Младеновска, диа
Проверил:
Раководител на сектор,
Благица Блажевска, диа

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ
Стевчо Јакимовски